ИЗВЕСТУВАЊЕ ЗА ИЗМЕНИ ВО РАМКОВЕН ДОГОВОР И ОПШТИТЕ УСЛОВИ ЗА ОТВОРАЊЕ И ОДРЖУВАЊЕ НА ПЛАТЕЖНА СМЕТКА И ВРШЕЊЕ НА ДРУГИ ПЛАТЕЖНИ УСЛУГИ ЗА ПРАВНИ ЛИЦА И ИЗМЕНА ВО ТАРИФАТА НА НАДОМЕСТОЦИ НА УСЛУГИТЕ ЗА ПРАВНИ ЛИЦА

Почитувани,

Ве известуваме дека НЛБ Банка АД Скопје изврши измена и дополнување на Рамковниот договор за отворање и одржување на платежна сметка и други платежни услуги за правни лица, неговите составни делови Општите услови за отворање и одржување на платежна сметка и вршење други платежни услуги за правни лица и Тарифата на надоместоци на услугите за правни лица.

Измените се однесуваат на следното:

- воведување ИБАН број како единствена идентификациска ознака за платежна сметка, согласно Одлуката на Народна Банка на Република Северна Македонија (НБРСМ) за водечкиот број на давателите на платежни услуги и стандардите за креирање на платежните сметки кое стапува во примена од **09.11.2026** година.
- допрецизирање на делот за вонсудска постапка согласно член 227 од Законот за платежни услуги и платни системи (ЗПУПС) кое стапува во примена од **01.01.2027** година.
- измена на Тарифата на надоместоци на услугите за правни лица, која стапува во примена од **01.01.2027** година.
- измена во начинот на известување при измени во Рамковен договор и Општи услови како и укинување на поштата како канал за известување при измени во рамковен договор и неговите составни делови кое стапува во примена од **04.01.2027** година.

Измените во **Општите услови и Рамковниот договор за правни лица се направени во насока на поголема транспарентност и јасност на применливите правила и се однесуваат на следните ставки:**

- воведување ИБАН број како единствена идентификациска ознака за платежна сметка, согласно Одлуката на НБРСМ за водечкиот број на давателите на платежни услуги и стандардите за креирање на платежните сметки;

- Допрецизирање на делот за вонсудска постапка согласно член 227 од ЗПУПС;

- се укинува поштата како канал за известување при измени во рамковен договор и неговите составни делови, додека останатите канали предвидени со Рамковниот договор продолжуваат да се применуваат;

НАПОМЕНА: Со оглед на укинувањето на поштата како канал за известување, а со цел навремено и непречено информирање, ги повикуваме клиентите да ги проверат и, доколку е потребно, да ги ажурираат своите податоци во Банката.

Направената измена во **Тарифата на надоместоци на услугите за правни лица** на НЛБ Банка се однесува на:

- **Укинување на надоместокот за извршување на приливи од банки членки на НЛБ Групација**

Извршување на BEN/SHA/OUR приливи од странство во валута различна од денари(од банки -членки на НЛБ групација - шалтер/ интернет банкарство/мобилна апликација	Без надоместок

Согласно Законот за платежни услуги и платни системи и Рамковниот договор, ќе се смета дека како корисник на платежни услуги, ги прифаќате промените во условите на Рамковниот договор и неговите прилози, доколку пред датумот на примена на измената не ја известите Банката дека ги одбивате промените во условите на Рамковниот договор и неговите прилози. Во тој случај, имате право да го раскинете Рамковниот договор, на било кој датум пред датумот на примена на измените, без да платите трошок или надоместок за раскинувањето.

Со почит,

НЛБ Банка АД Скопје